Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

МАКСТАТ

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
# ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
# ВО 2021 година

Скопје, јули 2021 година

Врз основа на Заклучокот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 83, одржана на 2 март 2021 година, а во врска со Информацијата за преземање мерки за борба против корупцијата, директорот на Државниот завод за статистика го донесе следниот

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА ВО 2021 година

Со цел успешно функционирање на сите аспекти од работењето на Државниот завод за статистика, неопходна е потребата од изнаоѓање соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата. Поради тоа, приоритет на Заводот е бескомпромисната и неселективна борба против коруптивното однесување. Воедно, определбата на Заводот за спречување на корупцијата и последиците од неа претставува и дел од стратегиските евроатлантски цели и интереси на Владата на Република Северна Македонија.

## ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Целта на Годишниот план за спречување на корупцијата на Државниот завод за статистика во 2021 година е, пред сè, јакнење на личниот и на професионалниот интегритет на вработените во институцијата, со цел ефикасно спротивставување на корупцијата и судирот на интереси, како и законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите, така што вработените освен за зачувувањето на сопствениот углед, ќе бидат одговорни и за зачувување на угледот на Заводот.

Државниот завод за статистика ќе се стреми да воспостави индивидуален интегритет на вработените, што подразбира личен однос кон прашањата на корупција, судирот на интереси, јавниот интерес и способноста да се изгради отпорност како сопствен начин на работа, како и отчетност, професионалност и коректност во донесувањето на одлуките и извршувањето на надлежностите утврдени со позитивните законски прописи и акти на Заводот.

ДЗС ќе се стреми да воспостави и институционален интегритет што значи „неподмитливост кон корупција" и подразбира воспоставен систем на политики, стандарди, механизми и процедури што го намалуваат ризикот од коруптивно однесување на вработените, а воедно ги мотивира за чесен и професионален однос при извршувањето на службените должности.

Под *корупција* во ДЗС се подразбира злоупотреба на функцијата, службената должност или положбата за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за трето лице.

Поимот корупција, во смисла на законските одредби, ги опфаќа и поимите на:

- пасивна корупција – намерно дејствување на службено лице, кое директно или преку посредник бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да дејствува или

да се воздржува од дејствување, во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- активна корупција – намерно дејствување на кое било лице кое директно или преку посредник ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да дејствува или да се воздржува од дејствување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

*Судир на интереси* подразбира состојба во која службено лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите овластувања и должности.

*Корист* претставува остварување на секаков вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

Со цел следење на имотната состојба и судирот на интереси на вработените, во иднина вработените ќе имаат обврска да поднесуваат изјави за имотната состојба и за судир на интереси, како и да го пријават секое зголемување и промена на имотната состојба.

Одделението за управување со човечки ресурси, задолжено за изготвување на годишните програми за обука на вработените во Државниот завод за статистика, има обврска во годишните програми да планираат и соодветни обуки од областа на антикорупција, со посебен акцент на службите кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување.

На овој начин ќе се овозможи стекнување на знаења и способност за препознавање на коруптивното однесување во сопствените редови. За реализирање на овие активности, важна е улогата на раководните лица кои преку личен пример ќе наметнат етички и морални вредности што ќе влијаат за да се намали корупцијата.

Активностите за подобрување на пристапот до информации треба да се насочат кон редовното ажурирање на веб-страницата на Државниот завод за статистика, и тоа со објавување извештаи за постигнати резултати и ефикасност во работењето, статистики, правилници и други информации од интерес на јавноста.

Со транспарентноста им се овозможува на граѓаните увид во работата и во креирањето на политиките на Заводот, како и комуникација со институцијата.

## СТРАТЕГИСКИ АКТИВНОСТИ

Во Годишниот план за спречување на корупцијата во ДЗС во 2021 година се предвидуваат следните стратегиски активности:

- Лидерство – прифаќањето силна лидерска улога за одржување високо ниво на интегритет во сите аспекти на работењето на Заводот претставува

обврска на менаџментот на Заводот. Одговорноста за успешното спречување на корупцијата и судирот на интереси ја има највисокото раководство на Заводот;

- Владеење на правото – одговорност на сите вработени во Заводот да постапуваат согласно со Уставот, законите, подзаконските прописи и сите акти на Заводот;
- Јавност и транспарентност во работењето – сите корисници на податоци очекуваат високо ниво на сигурност во контактите и соработката со Заводот. Заводот ќе работи транспарентно, отчетно и одговорно и со целосна афирмација на принципите за стручност, компетентност и професионалност во извршувањето на работите и задачите. Дополнително, преку целосна примена на Законот за слободниот пристап до информациите од јавен карактер и преку својата интернет-страница, Заводот ќе се стреми да обезбеди највисоко ниво на транспарентност во своето работење, со цел зголемување на довербата на корисниците на услуги;
- Етичко однесување на вработените во ДЗС - вработените максимално и посветено ќе се стремат кон унапредување на личниот и професионалниот интегритет на секој вработен во Заводот. Раководните лица на сите нивоа ќе вршат надзор над однесувањето на сите вработени и ќе се грижат секој вработен да го почитува етичкиот кодекс на однесување во работењето, секој вработен да знае да ги препознае облиците на коруптивно однесување и да се спротивстави на корупцијата. Системот на утврдување одговорност и понатаму ќе се зајакнува со цел да се спречи секаков облик на коруптивно однесување и да обезбеди висок степен на дисциплина на вработените во секојдневното извршување на работните задачи;
- Вработување, селекција и унапредување – овие процеси ќе бидат транспарентни, објективни и ослободени од притисоци и влијанија, и тоа со користење алатки за идентификација на кандидатите што поседуваат академско и професионално знаење, способност и соодветни компетенции и препознавање високо ниво на чесност. Оценувањето на вработените ќе биде објективен процес што ќе им овозможи на претпоставените да го оценат целокупниот ангажман, да ги идентификуваат можностите за развој, да ги признаат и наградат најуспешните вработени и да придонесат за постигнување на целите на институцијата;

- Надлежност и одговорност на раководството – раководните лица во ДЗС имаат водечка улога во спречувањето на корупцијата. Со своето однесување, со вложување во своите лични и професионални капацитети, тие се должни да ги поттикнуваат и да ги негуваат кај сите вработени чувството на лојалност и желбата за соработка во спречувањето на коруптивното однесување;
- Спречување на судир на интереси при преземање службени дејствија – вработените во Заводот ќе бидат постојано поттикнувани да внимаваат на потенцијалниот судир на интереси и да ги преземат сите мерки за негово избегнување, а во случај на сомневање за негово постоење, да ги преземат сите неопходни мерки за да го спречат влијанието врз нивниот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на нивните овластувања или должности и за тоа да го известат нивниот претпоставен и
- Зајакнување на меѓуинституционалната соработка во борбата против криминалот и корупцијата – Заводот ќе остварува непосредна соработка со Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупцијата, како и со сите други надлежни државни органи и институции, особено во случаите кога основано се сомнева дека кривични дела против службената должност се извршени од страна на вработени лица во Заводот. ДЗС активно ќе се залага за спроведување на Законот за спречувањето на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштитата на укажувачите.

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на административните службеници со доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во Државниот завод за статистика.

Имајќи го предвид наведеното, во Антикорупциската програма на Државниот завод за статистика во 2021 година посебно внимание ќе биде посветено на:

- Професионализација, департизација и деполитизација на вработените;
- Јакнење на интегритетот на вработените;
- Доследно почитување на Етичкиот кодекс за однесување на административните службеници;
- Превентивно дејствување, што подразбира намалување на ризиците за корупција;
- Репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата.

Во контекст на наведеното, приоритетни цели за 2021 година ќе бидат:

1. Јакнење на интегритетот на вработените во Државниот завод за статистика;
2. Подигнување на етичката свест на вработените со почитување на Етичкиот кодекс за однесување на административните службеници;
3. Меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата и криминалот;
4. Спроведување проценка за ризик од појава на корупција на работните места;
5. Пропишување нови правила за водење на дисциплинските постапки;
6. Обврска за пријавување имот/интерес од страна на вработените во Заводот;
7. Континуирана и специјализирана обука;
8. Преземање превентивни активности за антикорупција кон нововработените административни службеници;
9. Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција;
10. Зајакнување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата;
11. Транспарентност во институцијата.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишниот план за спречување на корупцијата во Државниот завод за статистика во 2021 година ќе се имплементира во период од една година.
За реализација на планираните активности надлежни се сите сектори во Заводот.
Непосредните раководители се должни со овој Годишен план да ги запознаат сите вработени.
Годишниот план за спречување на корупцијата во Државниот завод за статистика ќе биде објавен на интернет-страницата на Заводот.

**Бр. 01 – 997/1**
**Скопје, 09.07.2021 година**

**Директор**
**Апостол Симовски**